РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 18.06.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2584/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21,154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2024 до 31.12 2024 година

4. **Датум на извршување на надзорот:**18 јуни 2025 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (телевизиските радиодифузери кои емитуваат телевизиски програмски сервиси на државно ниво, тогаш кога е изводливо и со соодветни средства треба да обезбедат најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела при што не се смета времето одвоено за вести, спортски настани, игри, рекламирање, телетекст и телешопинг услуги).

   - **Правилник за европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти – пречистен текст** (Бр. 01-918/1 од 06.03.2025).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

   Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на државно ниво, е констатирано дека во текот на 2024 година ја исполни обврската од член 91 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најмалку 51% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела.

   Од доставените Обрасци за европски аудиовизуелни дела и европски дела од независни продуценти (наш арх. број 03-1427/1 од 28.03.2025 година, 03-1427/2 од 06.05.2025 година и 03-1427/3 од 07.05.2025 година), беше констатирано дека

Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, во текот на 2024 година емитувало 77.123% европски аудиовизуелни дела.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***